**ЗАПИСНИК**
**од 34-та седница на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 06.11.2015 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, Претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Селвер Ајдини, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев и Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Алма Машовиќ (породилно отсуство)

**На седницата присуствуваше д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Билјана П. Парлеева, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска, Илија Витков.

**Други присутни:** Елена Костовска од ЦРМ.

Г-дин Петрушевски ја отвори 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, информира дека под точка Разно ќе достави устен одговор во врска со забелешката која г-дин Фиданоски ја изложи на 33-та седница, а се однесуваше на процедурата и процесот на архивирање на Предлог-Дневниот ред за закажана седница на Советот и материјалите кои произлегуваат од него.

Предлози за изменување и дополнување на предложениот Дневен ред не беа доставени.

Советот на Агенцијата, едногласно, со шест гласа „за“, го усвои следниот:

**Д н е в е н р е д**

1. Усвојување на Предлог-Записник од 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.10.2015 година.
2. Предлог-Одлука за промена на сопственичка структура на ТРД РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ.
3. Предлог-Заклучок за одлагање на понатамошното постапување по донесените одлуки за утврдување повреда на забрана на членот 38 од ЗААВМУ од страна на ТРД РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе и ТРД РАДИО ОХРИД ДОО Охрид.
4. Предлог-Упатство за изменување и дополнување на Упатството за начинот на мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите во Република Македонија.
5. Предлог-Одлука за отпис на долгот на ТРД оператор на кабелска мрежа „ТО-МИ” ДООЕЛ Радовиш, од сметководствената евиденција на Агенцијата.
6. Предлог-Одлуката за распишување оглас за засновање работен однос на определено време за замена на привремено отсутен работник.

7. Предлог-Одлука за потреба од јавна набавка: Набавка на уметнички слики, за потребите на Агенцијата.

8. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа Предлог-Записникот од 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.10.2015 година.

Г-дин Фиданоски, имаше забелешки во однос на правописот во текстот. Имено, на страна 3 од вкупниот материјал, во делот каде е парафразирано неговото излагање, бидејќи во една реченица стои два пати зборот „формално“, предложи да се избрише првиот збор „формално“, заради тавтологија. На истата страна во неговото обраќање зборот „покасно“, предложи да се замени со „подоцна“ и онаму каде пасусот почнува со „г-дин Трајчев“ посочи дела е направена техничка грешка, претпоставува ненамерна, место „секторско“ треба да стои „секторска“. Потоа на истата страна, на крајот од пасусот на неговото излагање, формулацијата со „така да“ предложи да се замени со „така што“. На страна 8 од вкупниот материјал, во пасусот што почнува со г-дин Фиданоски, место „пишеш“ рече дека треба да стои „впишеш“. На крајот, во врска со табелата во која се внесени измените на Финансискиот план на страна 11, праша зошто во проценета вредност, сумата е избришана и стои „ххх“.?

Раководителката на Одделението за поддршка на работата на Советот на Агенцијата, Маја Дамевска, објасни дека одделението многу внимава како во записникот се пренесува дискусијата и излагањата на членовите на Советот, се преслушува неколку пати аудио и видео снимката и се води сметка да биде приближно внесено онака како што е кажано на седницата. Рече дека се согласува со дадените забелешки во однос на правописот и печатните грешки и дека истите ќе се коригираат во текстот. Објасни дека до сега во записниците износите не биле наведени во табелите за измена на Годишниот план за јавни набавки, но потенцира дека АААВМУ во однос на Финансискиот план, секогаш била транспарентна и истиот јавно е објавен на нејзината веб страна.

Г-дин Фиданоски, рече дека го прифаќа објаснувањето и додаде дека не сака да биде погрешно разбран дека сака да ја критикува работата, туку неговите забелешки се во насока за да се подобри литературно лингвистички записникот и ништо повеќе.

Советот на Агенцијата со забелешките дадени од г-дин Фиданоски, едногласно го усвои Записникот од 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.10.2015 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, ја образложи Предлог-Одлуката за промена на сопственичка структура на ТРД РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ. Објасни дека на 20.10.2015 година, радиодифузерот ги доставил потребните документи со што е констатирано дека Известувањето е уредно и комплетно, односно ги содржи сите

податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.02-1100 од 04.11.2015 година поднесен од м-р Емилија Јаневска, со овластување од Директорот на Агенцијата, бр.02-6298/1 од 02.11.2015 година и едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското Радио-дифузно Друштво РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ, со текст како што беше предложена.

Со предложените промени на сопственичката структура на Трговското Радио-дифузно Друштво РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ, не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и тие не се спротивни на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од овој Закон.

Се задолжи Секторот за стратешко планирање и авторски права, да достави допис до Трговското Радио-дифузно Друштво РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ, со кое ќе го задолжи, по извршената промена до Агенцијата да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб страната на Агенцијата.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, образложи дека на седницата одржана на 04.06.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги констатираше прекршување на член 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на ТРД РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе (Одлука за утврдување повреда на забрана бр.03-829 од 04.06.2015 година) и од страна на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид (Одлука за утврдување повреда на забрана бр.03-830 од 04.06.2015 година), во смисла на тоа дека Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија Ц.О. Скопје поседува удели кај овие две радиостаници. Согласно одредбите од членот 43 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата им наложи на овие радиостаници да ја усогласат својата сопственичка структура со одредбите од законот, во рок од 90 дена од денот на приемот на одлуките за утврдување повреда на забрана. За донесените одлуки за утврдување повреда на забрана, на 05.06.2015 година Агенцијата ги извести Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија Ц.О. Скопје и Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија. Ниту една радиостаница не ја усогласи сопственичката структура во утврдениот рок. Во членот 43 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е утврдено дека доколку радиодифузерот не постапи во согласност со одлуката за утврдување повреда на забрана, Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување на начин и постапка утврдени со овој закон. За да се изнајде начин за надминување на констатираните состојби, Агенцијата го извести и Министерството за информатичко општество и администрација кое на 19.10.2015 година организираше работен состанок помеѓу претставници на ова министерство, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, Агенцијата за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги, Министерството за економија, Секретаријатот за законодавство и на Комисијата за хартии од вредност. Од овој состанок произлегоа следните заклучоци:

- Во врска со уделот на Фондот во сопственоста на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, а за да се надминат пречките коишто настапија со измените на Законот за трговските друштва, Министерството за информатичко општество и администрација да иницира измени во овој закон со коишто Фондот ќе може да ги отстапува уделите што ги поседува во трговски друштва.
- Во врска со уделот на Фондот во сопственоста на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид, согласно член 196 ставови 3 и 4 од Законот за трговските друштва, Фондот да поднесе предлог до судот да донесе одлука за упис на продадениот удел во Централниот регистар.

Во врска со овие заклучоци Министерството за информатичко општество и администрација до Агенцијата достави Информација за усогласување на сопственичката структура на РАДИО ОХРИД ДОО Охрид и РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, подготвена за седница на Владата на Република Македонија и побара мислење по однос на истата. Агенцијата се изјасни дека нема забелешки по предложената Информација.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.03-6335/1 од 04.11.2015 година поднесен од м-р Емилија Јаневска, со овластување од Директорот на Агенцијата, бр.02-6298/1 од 02.11.2015 година и едногласно донесе Заклучок за одложување на понатамошното постапување по донесените одлуки за утврдување повреда на забрана на членот 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на ТРД РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе и ТРД РАДИО ОХРИД ДОО Охрид, се до исходот од најавените активности од страна на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија Ц.О. Скопје и Министерството за информатичко општество и администрација.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-Упатството за изменување и дополнување на Упатството за начинот на мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите во Република Македонија. Објасни дека подзаконскиот акт, Советот го донесе непосредно пред крајот на 2014 година и врз основа на него е формиран Комитет за мерење на публиката во Република Македонија. Кога се носеше упатството беа контактирани сите заинтересирани страни, како телевизиите на државно ниво што емитуваат програма преку дигитален терестријален мултиплекс, сателитските телевизии, маркетинг агенциите и поголемите огласувачи. Во тој момент, сателитските телевизии не изразија подготвеност да учествуваат во Комитет за мерење на публиката во Република Македонија, со оглед на тоа што учеството во Комитетот и мерењето на нивната гледаност бара и соодветни финансиски средства. Од страна на Комитетот се распиша повик и донесоа одлука да ја изберат агенцијата AGB Nielsen со седиште во САД, да склучат договор со неа, но одлуката се уште не е потпишана од страна на Македонскиот комитет. Во меѓувреме една телевизија на која Советот и има доделено дозвола, ТРД Компани 21-М, официјално се обрати до АААВМУ и побара и таа да се вклучи во овој систем на мерење на гледаност бидејќи има дозвола на државно ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа. Со оглед на фактот дека AGB Nielsen нема технички пречки да ги мери и телевизиите што емитуваат програма

преку сателит или преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бидејќи се грижи за развој на плурализмот на медиумите и за подеднакви услови на работење на сите медиуми, предлага измени на Упатството за начинот на мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите во Република Македонија. Првата измена е во насловот, бидејќи е наведено дека мерењето се однесува на гледаноста на програмите, односно програмските сервиси само на радиодифузерите што емитуваат телевизиска програма на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс. Се предлага да се опфатат сите телевизии што емитуваат програма на државно ниво. Втората измена е дека во самото Упатство пишуваше дека Агенцијата што ќе биде избрана ќе треба да обезбеди транспарентни цени кои што се базираат на економски принципи. Меѓутоа во самиот процес на избор на Агенција за мерење на гледаноста, телевизиите се согласија тие да ги купат податоците од агенцијата, а потоа Комитетот да ги продава на оние што се заинтересирани. Г-дин Трајчевски објасни дека и АААВМУ е една од заинтересираните страни. Во моментов или во изминатите години, две институции купуваа од AGB Nielsen, а сега би требало да купуваат од Комитетот, тоа е Владата на Република Македонија и АААВМУ, бидејќи има потреба од анализа на податоците. За да не бидат доведени во ситуација, Комитет да ги уценува со баснословно високи цени, се бара во Упатството да се предвидат критериуми врз база кои што ќе се утврдат цените на услугите. Тој ценовник ќе се однесува и на Компани 21, што значи дека во иднина кога некоја друга сателитска или кабелска телевизија ќе биде заинтересирана, ќе знае однапред колку ќе чини нејзиното мерење, но тоа да биде врз база на економски принципи, не дискриминаторни, за да никој не биде ставен во подредена положба на пазарот. Ја објасни и последната генерална измена, а се однесува на времетраењето на договорот помеѓу Комитетот и избраната Агенцијата за мерење на гледаноста и слушаноста на програмите. Во текот на преговорите со заинтересираните агенции, а поради обезбедување подобра финансиска понуда, беше констатирано дека е најдобро овој рок да изнесува седум години. На крајот објасни дека за предложените измени ќе има јавна расправа и нацрт-упатството ќе се постави на веб страната на Агенцијата. Исто така ќе има јавна расправа и во просториите на Агенцијата, со маркетинг агенциите, огласувачите, терестријалните телевизии и кабелските телевизии, така да можеби ќе произлезат и други размислувања кои ќе доведат до подобрување на текстот на упатството.

Г-дин Петрушевски очекува дека сите заинтересирани страни во текот на 30 дена од јавната расправа ќе се обратат писмено, преку електронска пошта со предлози како што било и до сега.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, дополни дека во фазата на изработка на Упатството, поточно во текот на јавната расправа постоеше интерес да се формира Асоцијација на огласувачите во Република Македонија. Во Упатството е предвидено и таа да биде членка на Комитетот. Со оглед на тоа дека вакво тело не беше формирано, потребно е тоа да се избрише од текстот на Упатството.

Г-дин Фетаи, рече дека е во ред што се предложени вакви измени, бидејќи упатството се однесуваше само за телевизии кои емитуваат програма преку дигитален терестријален мултиплекс и јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија, односно се однесуваше за 4-5 телевизии кои се веќе во мултиплексот а има 14 телевизии кои имаат дозвола за емитување програма на државно ниво, пет преку мултиплекс, пет сателитски, 4-5 преку кабелски оператор со неограничен ресурс

на емитување на програмите. Изрази задоволство што ќе се измени насловот, односно електронското мерење на телевизиската публика да се спроведува на сите заинтересирани кои ќе партиципираат, значи да нема ограничување. Ќе ги поддржи измените и дополнувањата со оглед на тоа што предлог-упатството ќе оди на јавна расправа од 30 дена и ќе се добие прилика малку подетално да се анализираат измените. Драго му е дека се оди кон тоа да можат и другите телевизии да ја мерат гледаноста на нивната програма, со оглед на тоа дека во Република Македонија, според истражувањата, 90-95% од публиката, гледачите, до телевизиските програми доаѓаат преку кабелските оператори. Без оглед на форматот, односно начинот на кој тие ја пласираат нивната програма, дали преку мултиплекс, дали преку сателит, преку кабелски, пак оди до публиката. Рече дека се позитивни измените и смета дека ќе добијат заедничка поддршка.

Г-дин Трајчевски објасни дека минатата година, пред да се донесе Упатството, беа комуницирани сите сателитски телевизии, бидејќи во тој момент немаше телевизии преку ЈЕКМ со неограничен ресурс. Упатството се донесе околу 25 декември 2014 година. Во тој момент ниедна од сателитските телевизии, 24 Вести, Наша ТВ, ТВ Сонце, ТВ Сител 3, ТВ Канал 5 + не беа заинтересирани да бидат мерени и да учествуваат во Комитетот. Така да Агенцијата не може некому да му даде обврска ако тој не сака. Во меѓувреме состојбата на пазарот се менува и има субјекти кои се заинтересирани. Потенцира дека не е економски оправдано, ниту пазарно, да тој што сака да влезе во системот му се забрани, односно тој што сака ќе си плати и ќе биде мерен, тој што не сака нема да биде мерен. Потенцира дека минатата година, сателитските телевизии не сакаа да бидат внесени во системот и Агенцијата не сакаше присилно да ги принуди.

Г-дин Фетаи, објасни во насока на излагањето на директорот, дека нормално е телевизиите да не сакаат да бидат мерени во почетната фаза кога се формирани и кога знаат дека гледаноста не им е на задоволително ниво. По извесно време, кога ќе пораснат и кога ќе имаат соодветна програма, ќе сметаат дека ќе треба да се појават на пазарот. Се знае која е тежината, цената не е само финансиска, туку гледаноста е еден од битните фактори за да можат да учествуваат на пазарот, односно ако не се дел од гледаноста нема да бидат атрактивни за рекламерите. Идејата на г-дин Фетаи беше дека е добро да остане отворена можноста телевизиите финансиски да поддржат една таква потреба кога ќе ценат дека се гледани. Не се работи за тоа дали сакале или не, туку кога ќе порасне нивната гледаност, да им биде овозможено.

Г-дин Фиданоски, рече дека дава поддршка на вака предложената нацрт-измена на упатството. Се согласува со констатациите и смета дека со оваа формулација се дава поширок дијапазон кој ги опфаќа сите заинтересирани телевизии, а при тоа се остава простор, да не се менува правилник, хипотетички речено, утре ако се појават и нови субјекти на пазарот и ќе сакаат да бидат вклучени во системот на мерење, или дополнително некој од постојните евентуално го променат ставот, како што кажал директорот Трајчевски, сега не се заинтересирани, но утре можеби ако променат сопственичка структура, новите сопственици би биле заинтересирани. На ваков начин се остава простор и другите телевизии како ТВ АРТ, ТВ Шења, телевизијата на Сеад Кочан. Објасни дека има мала дилема, за која претпоставува дека во јавната расправа ќе се расчисти. Се сеќава дека на седница на Советот е кажано дека овој начин на мерење нема да се однесува за регионалните и локалните телевизии, но праша дали може да се случи доколку некој е заинтересиран да влезе во системот или тоа отпаѓа во секоја варијанта?

Г-дин Трајчевски рече колку да се има претстава, учеството на еден субјект, да биде мерен од Агенцијата, апроксимативно, е околу 100.000 евра на годишно ниво. Тоа е преголема сума за регионалните и локалните телевизии, бидејќи нивните завршни сметки во просек се 30-40% помали од сумата која треба да ја платат. За да има репрезентативен примерок, во самиот регион треба да има дополнителен број на пипл метри што значи дополнителна инвестиција од Агенцијата што е избрана за мерење, така да сумата ќе биде уште поголема. Затоа, од аспект бидејќи не е економски исплатливо, АААВМУ, со новиот финансиски план и новиот план за јавни набавки и програмата за работа, ќе предвиди мерење на регионалните и локалните телевизии и радијата по друг принцип, по пат на спроведување на анкети, 4 пати годишно.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.01-6334/1 од 04.11.2015 година поднесен од м-р Емилија Јаневска, со овластување од Директорот на Агенцијата, бр.02-6298/1 од 02.11.2015 година и едногласно донесе Нацрт-Упатство за изменување и дополнување на Упатството за начинот на мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите во Република Македонија, бр.01-6582/1 од 27.12.2014 година, со текст како што беше предложено.

Во врска со Нацрт-Упатството, Агенцијата да постапи во согласност со член 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и член 47 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното упатство да го објави на веб страната на Агенцијата, со рок од 30 дена, со цел да обезбеди јавна расправа, односно да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења.

Г-дин Фиданоски, на крајот забележа дека во текстот на Нацрт-Упатството, на неколку места има правописни грешки. Објасни дека зборот „подточка“ се пишува „потточка„ и предложи истото да се коригира.

**Точка 5**

Помошник на раководителот за правни и економско-финансиски работи, Горан Радуновиќ, детално ја образложи Предлог - Одлуката за отпис на долгот на ТРД оператор на кабелска мрежа „ТО-МИ” ДООЕЛ Радовиш, од сметководствената евиденција на Агенцијата.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.02-4745/2 од 04.11.2015 година поднесен од м-р Емилија Јаневска, со овластување од Директорот на Агенцијата, бр.02-6298/1 од 02.11.2015 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата, да донесе Одлука со која од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ќе се отпише долгот на Трговското радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа „ТО-МИ” ДООЕЛ Радовиш, во износ од 28,00 (дваесет и осум) денари, со текст како што беше предложена.

Се задолжи Секторот за правни и економски-финансиски работи,  отписот на наведеното побарување да го изврши заклучно до 31.12.2015 година.

**Точка 6**

Помошник на раководителот за правни и економско-финансиски работи, Горан Радуновиќ, ја објасни потребата од носење на Предлог - Одлука за распишување оглас за засновање работен однос на определено време за замена на привремено отсутен работник.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.04-6326/3 од 04.11.2015 година поднесен од м-р Емилија Јаневска, со овластување од Директорот на Агенцијата, бр.02-6298/1 од 02.11.2015 година и едногласно даде одобрување да се распише оглас за засновање работен однос на определено време за замена на привремено отсутен работник до неговото враќање – заклучно до 27.05.2016 година и да се спроведе постапка за вработување во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за работното место:

- Ликвидатор - Соработник, во Одделението за економско-финансиски работи, Сектор за правни и економско-финансиски работи, 1 (еден) извршител.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, да го објави Јавниот оглас во 2 (два) дневни весника, тоа: 1 (еден) дневен весник што се издава на македонски јазик и 1 (еден) дневен весник што се издава на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, на товар на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како работодавач.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, Јавниот оглас да го објави на веб страната на Агенцијата заклучно со 16.11.2015 година кога е и крајниот рок за пријавување на кандидатите.

**Точка 7**

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи, Билјана П. Парлеева, ја образложи Предлог-Одлуката за потреба од јавна набавка: Набавка на уметнички слики, за потребите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.05-6314/3 од 04.11.2015 година поднесен од м-р Емилија Јаневска, со овластување од Директорот на Агенцијата, бр.02-6298/1 од 02.11.2015 година и со пет гласа „за" и еден глас против од членот на Советот, г-дин Фиданоски, даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка - стока: набавка на уметнички слики, за потребите на Агенцијата.

Реализацијата на горенаведената услуга е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2015 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-5402/1 од 11.09.2015 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015-та година.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, да ги преземе потребните активности согласно Законот за јавните набавки.

**Точка 8**

Разно.

Г-дин Петрушевски објасни дека минатата седница беше дадена забелешка од г-дин Фиданоски, за која што ветил дека ќе ја разгледа и ќе одговори. Таа се однесуваше за начинот како се свикуваат седниците, како се доставуваат материјалите, дел кој е поврзан со работата на Претседателот на Советот. Поточно, забелешката беше затоа што во материјалите имаше една точка која беше архивирана со датум подоцна од денот кога е архивиран Предлог-Дневниот ред. За таа цел, го прочитал ЗААВМУ и Деловникот за работа. Во законот пишува дека Агенцијата го објавува дневниот ред за седниците најдоцна еден дена пред нивното одржување, член 13 став 6 и член 13 став 7, материјалите за седниците на Советот ги подготвува Стручната служба на Агенцијата и истите се доставуваат до сите членови на Советот, на начин и рок утврден во Деловникот за работа на Агенцијата. Деловникот кажува дека поканата со дневниот ред се упатува најдоцна еден ден пред одржување на седницата, по исклучок и пократко во зависност од итноста за одлучување по одредено прашање. Исто така дневниот ред се утврдува на почетокот на седницата, на предлог на Претседателот на Советот итн. Исто така има обврска да се објави најдоцна еден ден на веб страната на Агенцијата. Во Деловникот е наведено дека материјалите ги спрема Стручната служба и ги доставува до Претседателот на Советот, заменикот и членовите, најдоцна еден ден пред одржување на седницата на Советот. Според него, сосема е логично прво да помине дневниот ред затоа што е предлог и не е конечен и може да се измени во текот на деновите пред седницата и во текот на почетокот на самата седница, а материјалите да дојдат по него. За него нема ништо спорно она што се случило минатиот пат и не гледа потреба дека нешто треба да се менува во таа насока.

Г-дин Фиданоски рече дека останува на својот став и нема да се спротивставува на објаснувањето од г-дин Петрушевски. Знае дека обврската по закон е доставување еден ден пред одржување на седница на предлог-дневниот ред и материјалите, но сепак останува на ставот дека принципиелно по процедура мора прво да се архивира предлогот, да стане официјален, па потоа да се стави на дневен ред за да може да се дискутира, да се усвојува или не. Објасни дека беше спомнато дека има и други точки што се ставени на дневен ред, а подоцна се стасани материјалите. Тоа било пракса. Тој нема да го отфрли тоа, знае ситуации како што беше споменато, за исплаќање на надоместок за дозвола кога се чекало до последен момент и тоа е разбирливо, прифатливо и коректно од наша страна како Агенција, исто како што било коректно укажувањето за такви прашања од директорот дека ќе се чека до последен момент, па потоа ќе се стави. Повтори дека нема да го одбие објаснувањето од г-дин Петрушевски, но принципиелно ќе остане на тоа дека процедурално прво треба да се архивира предлогот, а потоа да се стави на дневен ред.

Г-дин Петрушевски даде пример за замислена ситуација. Има седница и се јавува некој од членовите на Советот и предлага точка која не ја предложил тој. Се согласува дека е во ред и се усвојува. За таа точка можеби членовите на Советот ќе бараат став од Стручната служба. Значи Советот ќе мора да ја усвои точката ако се изгласа, па ќе се направи пауза ако има потреба, да заземе став Стручната служба. Значи, сосема логично, по усвојување на Дневниот ред, Стручната служба ќе ги подготви материјалите.

Г-дин Фиданоски мисли дека не е најсреќно избран примерот, затоа што ако некој од членовите на Советот предложи точка на дневен ред, логично е да ја

предложи со материјал за кој треба да се дискутира и тој предлог треба да се достави до архива. Така тој досега неколку пати правел затоа што предлагал неколку пати точки за седница. Прво го архивирал предлогот, а потоа стасувал или не стасувал на дневен ред во зависност од одлуката на Советот.

Г-дин Петрушевски, забележа дека согласно член 17 став 7 од ЗААВМУ материјалите ги подготвува Стручната служба.

**Бр. 02-6325/8**
**12.11.2015 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

______________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ с.р.**